# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 22.12.2025 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и втората седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Музбајдин Ќамиљи, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Билјана Бабиќ Патриот Лумани, Лазо Трпков и Миле Грозданоски.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација, Захарија Вулгаракис, Директор на Македонска телевизија и Виолета Димеска, Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети на МРТ*

Дваесет и третата седница на Програмскиот совет започна во 10:15 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и третата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

**1. Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства**
**2.Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства**
**3. Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори седницата со воведно излагање за точката што се однесува на разгледување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година,

со пренамена на средства заедно со доставените прилози: Планирани расходи за 2025 по организациона структура и Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025.
Најнапред, тој укажа на основната причина за изменувањето на Финансискиот план. Имено, приходот од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузната дејност, кој првично бил планиран во износ од 1.261.864.000 денари, согласно член 105 став 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основ на 1% реализирани даночни приходи, со Ребалансот на Буџетот за 2025 година, намален е за 80 милиони денари.
Тој истакна дека како резултат на Ребалансот, средствата планирани за МРТ за 2025 година изнесуваат 1.181.864.000 денари, што неминовно налага усогласување и пренамена и на расходната страна во Финансискиот план на МРТ за 2025. Понатаму, тој посочи дека е битно да се констатира дека приходната и расходната стапка на Финансискиот план за 2025 година се целосно усогласени и тоа двете во износ од 1.331.864,000 денари.
Претседателот Давор Пашоски констатираше дека процедуралната постапка во согласност со ЗААВМУ и Статутот на МРТ  е во целост исполнета со доставувањето на согласноста на Надзорниот одбор на МРТ и тоа согласно член 51 став 1 алинеја 8 од Статутот на МРТ и член 125 став 1 од ЗААВМУ.
Претседателот Давор Пашоски отвори расправа по оваа точка и и даде збор на Виолета Димеска, Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџетите на МРТ.
Виолета Димеска ги поздрави присутните членови на Програмскиот совет и воедно образложи дека со последниот Ребаланс на Буџетот на РСМ, по основ на Радиодифузна дејност, конкретно на МРТ од износот се намалени средства во износ од 80 милиони денари.  Соодветно на тоа, неминовно е пренаменување на средствата во Финансискиот план на МРТ за 2025 година и тоа во расходната ставка, каде што е нопходно кратење на средства во износ од 80 милиони денари. Таа продолжи дека земајќи го предвид тоа дека се веќе изминати 11 месеци од годината, точно може да се знае кои расходни ставки не се реализирани, што подразбира дека Финансискиот план на МРТ не е целосно истрошен, така што постои можност за кратење на тие 80 милиони денари од расходните ставки како што се: инвестиции, амортизација и програмски права. Со тековното работење, земајќи предвид дека некои ставки се менливи од година на година и не можат со прецизност да се испланираат, се јавува потреба од пренамена на средства, односно надополнување на ставките како на пример за службени патувања во земјата и странство (преноси во живо и медиумско покривање на Локалните избори), поштенски и аудиовидео линии, телефонски трошоци, трошоци за вода, задржан данок кон странство, курсни разлики, авторски договори и надоместот за Агенција за филм. Таа образложи дека сите овие се менливи ставки кои не можат да се планираат една година однапред со целосна прецизност и поради тоа се прилагодувањата од овој тип, за кои секако задолжително се известуваат управните тела на МРТ, бидејќи Надзорниот одбор е надлежен за материјално-финансиското работење на МРТ, а Програмскиот совет ги потврдува дадените согласности на Надзорниот одбор, како највисоко тело на управување на Македонската радио телевизија.
По презентирањето на Виолета Димеска се разви дискусија во којашто членовите на Програмскиот совет на МРТ добија образложени одговори на сите поставени прашања на оваа тема.

Претседателот Давор Пашоски ја стави точката на гласање:

- **За гласаа 12 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Еден член гласаше воздржано - Томислав Кежаровски**

**Точка 2. Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори за расправа втората точка од Дневниот ред со свое излагање во кое образложи дека изменувањето на Финансискиот план произлегува од намалувањето на средствата за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ, при што првично планираните приходи во износ од 1.423.106.932 денари се намалени за 7.643.132 денари, и сега изнесуваат 1.415.463.800 денари. Ова намалување на основниот извор на финансирање наложува внатрешна прераспределба на средствата со цел да се обезбеди континуитет во редовното работење на МРТ и исполнување на програмските обврски. Со предложената пренамена приходната и расходната страна остануваат целосно усогласени, при што вкупните планирани приходи и расходи за 2026 година изнесуваат 1.602.356.868 денари.
Во делот на инвестициите, со изменувањето на Финансискиот план е извршено намалување на првично планираните инвестициони средства од 120.000.000 денари, при што по измените се планираат вкупно 80.000.000 денари. Овие средства се наменети за одржување и унапредување на постојната техничка опрема, за набавка на нова опрема неопходна за непречено и континуирано одвивање на тековното работење на МРТ, како и за реконструкција и одржување на работните простории и студијата на МРТ.
Во оваа насока се нагласува потребата инвестициите да се планираат и реализираат на транспарентен, рационален и одговорен начин, со обврска за навремено и детално информирање и запознавање на Надзорниот одбор и Програмскиот совет. Истовремено, овие инвестиции треба да бидат составен дел на петгодишната стратегија за развој на МРТ која ќе се подготвува во наредниот период, да бидат засновани врз детални финансиски, технички и програмски анализи, и да се спроведуваат согласно важечките законски прописи, како и врз основа на позитивните европски практики на јавните медиумски сервиси, особено во рамки на стандардите и препораките на Европската радиодифузна унија (ЕБУ).
Претседателот Давор Пашоски и даде збор на Виолета Димеска, Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети на МРТ, која образложи дека како и во претходниот случај, така и во Финансискиот план за 2026 година станува збор за кратење на средства во расходните ставки во делот на инвестиции и тоа од предвидените 120 милиони на 80 милиони, сето усогласено до Планот за јавни набавки на МРТ и со Годишната инвестициона програма на МРТ, како и во делот за надоместок за ЗАМП а кои се исплаќаат во согласност со добиените средства од реадиодифузната дејност, па со намалување на добиените средства, се намалува и износот за овие надомести.
По даденото образложение на Виолета Димеска, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека имајќи ја предвид дадената согласност од Надзорниот одбор оваа точка

се разгледува со цел Програмскиот совет, во рамки на своите законски надлежности, да се произнесе по Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година, со пренамена на средства.

Претседателот Пашоски ја стави Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година, со која се усвојува Финансискиот план за 2026 година со утврдените измени и пренамена на средства, доставен со согласност на Надзорниот одбор.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Еден член на Програмскиот совет гласаше воздржан – Томислав Кежаровски**

**Точка 3. Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори оваа точка од дневен ред со вовед во кој образложи дека Програмскиот совет го разгледува Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, изготвен согласно Законот за јавни набавки и доставен со претходно добиена согласност од Надзорниот одбор на МРТ, дадена на седница одржана на 19.12.2025 година.
Тој продолжи дека Годишниот план за јавни набавки за 2026 година ги опфаќа планираните јавни набавки на стоки, услуги и работи, неопходни за редовното функционирање, одржување и развој на МРТ, при што вкупно планираните јавни набавки изнесуваат 235.752.500 денари и дека во рамки на Планот, како посебно значајни се издвојуваат инвестиционите јавни набавки, кои се планирани како отворени постапки, што овозможува највисоко ниво на транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори.
Во оваа насока се нагласува потребата инвестициите да се планираат и реализираат на транспарентен, рационален и одговорен начин, со навремено и детално информирање и запознавање на Надзорниот одбор и Програмскиот совет.
Претседателот Давор Пашоски истакна дека овие инвестиции треба да бидат составен дел на петгодишната стратегија за развој на МРТ, која ќе се подготвува во наредниот период, да бидат засновани врз детални финансиски, технички и програмски анализи, и да се спроведуваат согласно важечките законски прописи, како и врз основа на позитивните европски практики на јавните медиумски сервиси, особено стандардите и препораките на Европската радиодифузна унија (ЕБУ).
Тој продолжи дека при нивната реализација треба да се земе предвид можноста и евентуалната потреба за усогласување или прилагодување на инвестициите со идната петгодишна стратегија, доколку анализите и стратешките определби тоа го наложат.
Програмскиот совет на МРТ се изјаснува по Предлог-одлуката за усвојување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година, доставена во прилог, која е донесена врз основа на член 124 став 1 алинеа 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 37 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор на МРТ.

По своето излагање, Претседателот Давор Пашоски и даде збор на Виолета Димеска, Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети на МРТ со цел да даде образложение кон Планот за јавни набавки на МРТ за 2026 година.
Виолета Димеска објасни дека Планот за јавни набавки на МРТ се состои од три дела и тоа: набавка на стоки, услуги и работи. Планот е изготвен во согласност со Финансискиот план на МРТ и ставките се извлечени од него без пресметан ДДВ. Најголем дел од ставките во Планот се повторуваат секоја година, освен делот за инвестиции кој е во согласност со развојните активности на јавниот сервис за тековната година за која се однесува Планот за јавни набавки.
Таа истакна дека следната година битни инвестициски активности се поврзани со Годишната инвестициона програма на МРТ.
По даденото образложение на Виолета Димеска, Претседателот Давор Пашоски ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2026 година, доставена во прилог, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Еден член на Програмскиот совет на МРТ гласаше воздржано – Томислав Кежаровски**

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на продуктивната средба на присутните на 22-рата Седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека на следната 23-та Седница ќе се разгледува Годишната инвестициона програма на МРТ, како и дека ќе се продолжи со работата на измените и дополнувањата на Статутот.
Следната седница ја закажа за 24.12.2025 година (среда) во 13.30 часот.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-/2
22.12.2025г.

________________________
Давор Пашоски